Бр./Nr 12-1826/1
27-04-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31- та седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-2359/1 од 01.09.2025 година и дополна на пријавата заведена под број 12-2359/3 од 29.09.2025 година, во која се изнесени наводи против ------------ -- ------------ ---------- ---------- –Подрачно одделение ----------, поради сомневање за непостапување, односно одолговлекување по предметите бр.-- - --------/- од --.--.------ година и бр.-- - ------/- од --.--.-------- година а во врска со приватизација на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, **СЕ ОТФРЛА.**

Предметот со број 12-2359/1 од 01.09.2025 година и дополна заведена под број 12-2359/3 од 29.09.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 01.09.2025 година, е доставена пријава против ------------ -- ------------ ---------- ---------- –Подрачно одделение ----------, во која се изнесени наводи за сомневање за непостапување, односно одолговлекување по предметите бр. бр.-- - --------/- од --.--.------ година и бр.-- - ------/- од --.--.-------- година во врска со приватизација на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, по што оформен е предмет број 12-2359/1 од 01.09.2025 година. Кон пријавата е доставена и дополна заведена под број 12-2359/3 од 29.09.2025 година.

По разгледувањето на пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека веќе се има произнесено за предмет оформен по пријава со исти наводи на својата 11-та седница одржана на 02.12.2024 година и

има донесено одлука од своја надлежност број 12-1539/6 од 10.12.2024 година. Исто така Одлуката е објавена на официјалната Веб страна на ДКСК, а до подносителот е доставено известување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: S.D. -член/anëtar

Доставено до: Подносителот на пријавата